ледни педесет години. Трудов, како што пишува авторот, треба да придонесе за еден помалку страстен и повеќе братски поглед врз балканска Европа. Ова дело, и покрај своите дискутабилности, ќе придонесе за подобро разбирање од Западот на Балканот и на неговата историја, кој, како што пишува авторот, за западните Европејци претставува зона на самрак.

Петар ТОДОРОВ

## Д-Р НАДА ЈУРУКОВА: КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИ ПОЈАВИ И ПРОЦЕСИ ВО МАКЕДОНИЈА (1944-1953) Институт за национална историја, Скопје 2003, 377




Интересирањето за историјата на македонскиот народ во периодот по Втората светска војна, а особено истражувањата и анализата на културно-просветните појави и процеси во Македонија (1944-1953), се главен раскажувачки дискурс во трудот „Културно-просветни појави и процеси во Македонија“ на авторката д-р Нада Јурукова.

Авторката во разработката на оваа тема се осврнува на културно-просветните појави и процеси во вардарскиот дел на Македонија, односно на територија на денешна Македонија, по одржувањето на Првото заседание на АСНОМ и донесувањето на двата значајни документа: Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија и Решението на АСНОМ за воведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава.

Книгата има четири глави и поголем број поглавја, користена литература, список на кратенки, регистар на лични и географски имиња, на вкупно 377 страници.

Првата глава е насловена „Културно-просветната политика во Македонија за време на обновата и индустријализацијата на земјата“ (15-51 стр.) и е своевиден вовед во темата. Појдовна точка на авторката е прикажување на придобивките од значајните историски акти што се донесени на Првото заседание на АСНОМ, во кои се содржани основите на државноправниот развиток на Македонија.

Третиран е еден битен момент, формирање на Поверенството за просвета, чија приоритетна задача ќе биде обезбедување услови и подготовки за отворање на училишта и други културно-просветни установи во Македонија, како и скромна материјална база за нивно издржување.

Давајќи опис на културно-просветните состојби по војната (почетокот на изградба на објектите, дефицитот од стручни кадри), авторката посебен дел

посветува на анализата на податоците за финансирање на училиштата, поточно на буџетот на Министерството за просвета. Потребите за писменост биле големи, материјалните средства мали, а националната улога на културата и просветата и вложувањето во науката за подобра иднина на македонскиот народ од пресудно значење.

На крајот од оваа глава се потенцира целта на Министерството за просвета насочена кон востановување на македонската азбука, правопис, граматика, формирање на комисии, изработка на програми и формирање на интелектуална елита и стручни кадри.

Втората глава „Основното, средното и високото воспитание и образование во Македонија 1944-1953“, (51-135 стр.), говори за подготовките за отворање на првите основни училишта и нивниот развој во тековните учебни години. Авторката особено внимание посветува на бројната состојба на учениците и наставничкиот кадар, што е солиден показател за расположението на популацијата кон новата држава, односно од посебен агол се согледува културната и просветната политика во Македонија во тој период на специфични околности.

По овој преглед следиме приказ на ширењето на мрежата на предучилишните установи, средното и високото образование.

Поради вработеноста на жената-мајка и миграцијата на населението село-град се наметнала потребата од згрижување на децата во предучилишни установи (први детски јасли, градинки). Д-р Нада Јурукова особено ја потенцира нивната социјална содржина, но и општествената и воспитната функција.

Посебен осврт се придава на средното образование. Како поднаслови на ова поглавје се обработени гимназиите, кои се соочувале со дефицит од наставнички кадар, училишни згради, инвентар итн.

Другите поднаслови се однесуваат на средното музичко училиште, државната театарска школа, медицинските, техничките, економските и земјоделските училишта. Сите овие претставувале образовни институции, во кои со стручни квалификации се стекнувале голем број музичари, односно, актери, медицински сестри, техничари, средноекономски образовни кадри, земјоделски техничари од општ профил. За сите заедничка точка, нагласува авторката, е ентузијастичкиот дух и вербата во себе и во тоа што почнале да го работат.

Особена историска придобивка од посебно значење за националниот развој на Македонија е конституирањето на првиот македонски Универзитет, соочен со предизвикот на искушенијата што ги наметнувало времето по Втората светска војна. Преку табеларен преглед се дава бројната состојба на студентите на факултетите и вишите школи од 1949 до 1953 година.

Третата глава е насловена „Форми на народно просветување“ (135-175 стр.). Во неа авторката ги третира трите доминантни форми во народното просветување: аналфабетските курсеви, народните универзитети и библиотекарството.

Народното просветување се наведува како едно од битните содржини на комплетниот стопански развиток и како неопходна претпоставка за новите општествени односи. Се укажува на потребата од организирање аналфа-бетски курсеви за македонското население, но и за албанското и турското малцинство.

Во овој дел од книгата е разработена појавата на народните универзитети, чија главна задача било да се популаризираат основните знаења од разни научни дисциплини во градските и во селските општини.

Последното поглавје го одбележува раѓањето на библиотеките, кои претставувале центар каде што луѓето имале можност да се собираат, да читаат, да дискутираат за разни прашања од животот, за општествено-политичките настани во Македонија и во Југославија. Со основањето на Народната и универзи-

тетска библиотека „Св.Климент Охридски" се создал центар за стручно усовршување на библиотекарски кадар во Македонија. Во составот на библиотеката било и Друштвото на библиотекарите, кое постои и денес.

„Културната политика и уметничкото творештво“ е насловот на четвртата глава (175-321 стр.). Преку третирање на културно-просветните форми во текот на НОАВМ, авторката дава хронолошки приказ во историјата на битните насоки на развојниот пат во текот на определениот временски интервал, кој зависел од индивидуализмот на многумина.

Како посебна форма се издвојува литературното творештво. Д-р Јурукова дава еден краток преглед на литературната традиција во Македонија, без да прави селекција на вредностите на книжевната продукција. Посебно е интересно дека во атмосфера на забрана на македонското име во трите дела на распарчена Македонија, веќе се јавуваат големи имиња и дела од музичката, музејската, научната, театарската дејност итн.

Настан од епохално значење е основањето на Македонскиот народен театар во Скопје, како прв професионален театар во Македонија со законски акт на Президиумот на АСНОМ. Авторката го бележи изведувањето на многу дела од наши драматурзи и писатели, но и на југословенски, руски и други светски имиња, како и формирањето национален, воспитен и културно- просветен репертоар. Посебно ја истакнува творечката индивидуалност и неограничената љубов кон сцената.

Особено место во книгата имаат и: кукленият театар (како резултат на потребата од контакт со помладата публика), градските театри (нивните активности и организацијата) и малцинскиот театар. Авторката нагласува дека во повоена Македонија биле создадени услови за да се оствари рамноправноста на националните малцинства во театарската област. Овие театри биле еден вид школо на животот и имале значајна улога во идејно-политичкото и правно-уметничкото изградување и воспитување на македонскиот народ, но и на албанското и турското малцинство.

Конституирањето на македонската државна опера, потребата од основање на балет при МНТ, првите изведби и појавата на македонските родољубиви првенци, претставува неделив сегмент од севкупните културно-национални потреби на населението во Македонија, но и значајно поглавје во книгата.

Како особено значајни форми за идеолошко-пропагандно дејствување, средства за масовна комуникација и агитација по пат на проекција на слика и збор се наведуваат печатот, радиото и филмот. Авторката овие три форми ги третира како посебна категорија, истакнувајќи ја важноста на нивната културна мисија во сите сегменти на општествениот живот во повоена Македонија.

Со формирањето на Македонската филхармонија и отворањето на првите македонски галерии се издигнува на повисок степен културниот, т.е музичкиот и ликовниот живот.

Во повоените години во Македонија книгата станала инструмент за воспитување на младата генерација, но и на сите луѓе. Продукцијата на нови наслови уште повеќе се зголемува и со положувањето на темелите на современата наука. Научните работници како важен културен фактор стекнале значајно место во македонското општество.

Овие културно-просветни придобивки како последни наведени во книгата, ја заокружуваат богатата културно-просветна историја. По читањето на ова издание мора да заклучиме дека тоа заслужува највисоки оценки за неговата реализација.

Трудот на д-р Нада Јурукова ќе претставува значајно помагало во проучувањето на повоените појави, процеси и настани во областа на културата и просветата, како и на спецификите на богатата македонска културна традиција.

Елена ПЕРЧИНКОВА